## НЕМА НЕКОРЕКТНИ ИСПЛАТИ, НЕМА НЕКОРЕКТНА ПРЕДНОСТ

Нема да бидат понудени, ветени или исплатени, директно или индиректно, било какви исплати на пари или било што од вредност, никого, вклучувајќи владини службеници, за да се добие некоректна предност. Ова вклучува давање на подароци или плаќање на патни трошоци или гостење на службеник без претходна дозвола од Универзал.

На пример, не правиме исплата:

- На службено лице за да добиеме продажба
- На службено лице за да влијаеме врз законодавството
- На инспектор за да ја поминеме инспекцијата
- На царински службеник за да се забрза обработката на документацијата
- На службено лице за да се договори инспекција на продуктот пред испорака
- На службено лице за да издаде сертификат за достава на производ
- На царински службеник за да се издаде виза или работна дозвола
- На службено лице за да се добие фитосанитарен сертификат
- На службено лице за да се влијае врз инспекцијата за оценување
- На било кое службено лице во форма на бакшиш или награда за неговата извршена работата

## ДА НЕ СЕ ПРАВАТ НЕКОРЕКТНИ ИСПЛАТИ ВО ИМЕ НА УНИВЕРЗАЛ ВО СЛУЧАЈ ДА БИДАТ ПОБАРАНИ ВАКИ ИСПЛАТИ, ИЗВЕСТЕТЕ НЕ ВЕДНАШ

Од вас го очекуваме следново:

- Да не се впуштате во активности кои се спротивни на политиките на Универзал, на АСКП или законите во вашата земја.
- Бидете свесни за Кодексот на однесување на Универзал и Прирачникот за усогласување со Анти-корупција и придржувајте се до нив.
- Известете не ако некој од вашите, директори, управители или вработени се владини службеници, роднини на службеници или пак ако некој службеник има значителен финансиски интерес во вашата организација.
- Да не користите изведувачи, претставници или агенти за наша сметка без претходно писмено одобрување од Универзал.
- Времено да не известите за било какви значителни промени во вашата организација кои би можеле да имаат импликации за усогласеноста, како што е промена во сопственоста или управата.
- Да не известите во случај да владин службеник од вас побара исплата или побара да му дадете нешто што е спротивно на политиките на Универзал.

Universal
UNIVERSAL CORPORATION

P.O. Box 25099
Richmond, Virginia 23260
USA

www.universalcorp.com
Е-пошта: compliance@universalleaf.com
www.Ethicspoint.com

LEG1302 MAC

Universal
UNIVERSAL CORPORATION

# ПРИНЦИПИТЕ НА УНИВЕРЗАЛ: УПРАВУВАЊЕ СО ИНТЕГРИТЕТ



## АНТИ-КОРПУЦИЈА

*www.universalcorp.com/compliance*

# УПРАВУВАЊЕ СО ИНТЕГРИТЕТ



**Preston D. Wigner**
Претедавач, Претседател и Главен извршен директор

Во Universal, горди сме на преку 100-годишната историја на успех и водство во нашата индустрија. Израснавме во разновидна, глобална компанија за земјоделски производи со нови можности и нови стратегии. Сега со возбуда очекуваме што можеме да постигнеме во следните 100 години.

Нашата историја и нашата иднина се изградени врз нашата **посветеност на интегритетот**. Корупцијата е закана за нашиот бизнис и е спротивна на нашата основна вредност на **интегритетот**. Имаме должност спрема нашите заедници, акционери, клиенти и едни на други, да ја осудиме корупцијата. Едноставно кажано: **ние не плаќаме мито**.

Ние се држиме до највисоките стандарди на **интегритет**, а знаеме дека третите страни кои избираат да работат со нас не очекуваат ништо помалку од нас. Без разлика дали сте снабдувач, продавач, агент, шпедитер, брокер, консултант или друга трета страна, **ви благодариме за вашата посветеност на интегритетот и посветеност да ја осудите корупцијата.** Без разлика каде се наоѓате во светот или кои услуги ги извршувате за Universal, никогаш не е прифатливо да нудите мито, исплати или несоодветни плаќања од каков било вид на кој било.

Ви благодариме што го поддржувате Universal во борбата против корупцијата и што го поддржувате **интегритетот**. Тоа е вистинскиот начин да се води бизнис и вистинското нешто да се направи.

## ПРОГРАМАТА ЗА ГЛОБАЛНА УСОГЛАСЕНОСТ НА УНИВЕРЗАЛ

Universal
UNIVERSAL CORPORATE COMPLIANCE

Програмата за глобална усогласеност на Универзал осигурува дека делуваме со интегритет, во согласност со нашите политики за усогласеност. Универзал има поставено страна за Усогласеност на јавно достапната веб страна, која се одржува на петнаесет јазици.

Ве молиме да ја посетите нашата страна за Усогласеност за повеќе информации:
***www.universalcorp.com/compliance***

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И ПРИРАЧНИК ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО АНТИ-КОРУПЦИЈА

Универзал ги вреднува усогласеноста и интегритетот. Нашата посветеност на интегритетот е важен дел од нашиот успех. Кодексот за однесување (КзО) и Прирачникот за усогласеност со анти-корупција (ПУА) се нашите примарни документи за етика и усогласеност, и содржат многу од нашите политики за усогласеност.





## АМЕРИКАНСКИОТ АКТ ЗА СТРАНСКИ КОРУПТИВНИ ПРАКТИКИ (АСКП)

*“Ниту еден комитент, правен субјект, лице со потекло од САД не смее на коруптивен начин да преземе активност на помагање при плаќање, или ветување, нудење или овластување на исплата на поткуп или било што од вредност, директно или индиректно (со “знаење“) на странско службено лице за да добие или задржи бизнис или некоректна предност.”*

Универзал работи согласно со АСКП и од нашите деловни партнери низ целиот свет очекуваме да го прават истото. Според АСКП, ***нелегално е да се исплати или да се вети исплата или да се даде било што од вредност*** на владин службеник со цел да се задржи деловниот однос или пак да се добие некоректна предност. Ова се однесува на исплати и подароци дадени од страна на компаниите и нивните вработени, како и за трети лица кои ги претставуваат тие компании. Програмата за глобална усогласеност на Универзал и нашите политики ни помагаат да работиме согласно со АСКП. Поради тоа ја бараме вашате посветеност во запазувањето на нашите политики.

АСКП го дефинира “службеното лице” како: било кој службеник или вработен во странска влада или било кој нејзин сектор, агенција или инструмент, или во јавна меѓународна организација, или било кое лице кое делува во официјална улога за или во име на било која таква влада или сектор, агенција, или инструмент, или за или во име на било која меѓународна организација.

Ве молиме да ја погледнете 8 страница од Прирачникот за усогласување со анти-корупција за повеќе информации.